100 ДЕНА ЗАЕДНО ПОСВЕТЕНИ НА КУМАНОВО

ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

100 ДЕНА ЗАЕДНО
ПОСВЕТЕНИ НА КУМАНОВО

15.900м²+
АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА

4.800м+
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

5.700м²+
БЕКАТОН

20+
ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1.300м²+
ТРОТОАРИ

4
ЗАВРШЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И 1 ВО ИЗГРАДБА

130+
НОВИ ЗАСАДЕНИ САДНИЦИ

20+
РАСЧИСТЕНИ ДИВИ ДЕПОНИИ

ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО

ОПШТИНА КУМАНОВО
2022

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КУМАНОВО

Максим Димитриевски,
градоначалник на
Општина Куманово

Почитувани мои сограѓани,

Чест ми е што во изминатите четири години во Општина Куманово препознавте вистински партнер кој работи исклучиво во Ваш, граѓански интерес. Особено сум благодарен за поддршката којашто во 2021 година по вторпат ми ја дадовте за менаџирање на нашата заедничка Општина и грижа за сите кумановци.

По преземањето на функцијата градоначалник на Општина Куманово продолживме неуморно, со засилен интензитет да реализираме проекти кои значат подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Куманово е град на сите граѓани без разлика на етничката, верската, политичката и каква било друга припадност. Секој кумановец заслужува достоинствен живот, а ние како одговорни чинители, на кои ни е доверена оваа должност и обврска, мора да ја обезбедиме.

Во првите 100 дена од вториот мандат спроведовме низа проекти од областа на патната инфраструктура, унапредување на условите во образованието, спортот, културата, социјалната заштита, со што решаваме голем број проблеми на нашите сограѓани, а до 2025 година предвидуваме имплементација на 800 проекти кои ќе ја зајакнат Општината и ќе создадат подобри услови за секојдневно живеење.

Верувам дека Куманово заеднички ќе го направиме подобро место за живеење. Куманово е мој, твој, наш заеднички дом, семејство, сегашност и наша иднина. Заедно да го чуваме, негуваме, изградиме во модерен, среќен и поубав град за сите нас.

СОВЕТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО

Ивана Ѓорѓиевска, претседател на Совет на Општина Куманово

Драги мои кумановци,

Во изминатите 100 дена од новиот мандат на Советот на Општина Куманово одржавме 4 седници, на кои заеднички дискутираме и носиме одлуки за подобар живот на граѓаните кои живеат во нашиот град. Овие три месеци се трудиме гласот и ставот на секој советник да биде слушнат, а потоа низ конструктивна дебата, заедно одлучуваме за проектите кои се од суштинска важност за кумановци.

Кога се работи за Вашите потреби, ние мора да бидеме обединети, здружено да делуваме затоа што Вие сте нашиот приоритет, работиме за да Ви служиме вам. Во следниот период, како претседателка на Советот, ќе се трудам за што поголема вклученост на сите советници, бидејќи од нас очекувате брзи и ефикасни решенија за локалните проблеми.

Општината е отворена за сите граѓани, за сечија идеја, предлог, но и насока како да се унапреди Куманово и како да го подобриме животот. Во оваа брошура може да се информирате за спроведените активности во првите 100 дена од мандатот, а ние и понатаму продолжуваме посветено да работиме, транспарентно и отчетно да Ве информираме за сите реализирани проекти.

ИНФРАСТРУКТУРА

Завршена е изградба на улица „АСНОМ“ со тротоари.

Завршено е асфалтирање на улица „207“.

Завршено е асфалтирање на улица „206“.

Завршено е асфалтирање на улица „205“.

Завршено е асфалтирање на улица „204“.

Завршено е асфалтирање на улица „203“.

Завршено е асфалтирање на улица „149“.

Завршено е асфалтирање на улица „146“.

ИНФРАСТРУКТУРА

Завршено е асфалтирање на улица „143“.

Завршено е асфалтирање на улица „145“.

Асфалтирани се улици во с. Костурник.



Асфалтирани се улици во Агино село.

Асфалтирана е улица „620“ кон с. Проевце.

Со бекатон е уреден крак од улица „Младен Стојановиќ“.

Со бекатон е уредена улица „Божидар Аџија“.

Со бекатон е уреден крак 1,2,3 од улица „Народна револуција“.

ИНФРАСТРУКТУРА

Со бекатон е уредена улица „Боро Соколов“.

Со бекатон е уреден крак од улица „Видое Смилевски Бато“.

Со бекатон е уреден крак 1 од улица „Есперанто“.

Со бекатон е уреден крак 2 од улица „Есперанто“.

Со бекатон е уредена улица „33“.

Со бекатон е уредена улица „3“.

Со бекатон е уредена улица „52“.

Во тек е изградба на главен фекален колектор с.Четирце - с.Табановце - с.Сопот.

СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

● Завршена е реконструкција на кровот на спортската сала. Стариот бакарен покрив е демонтиран, при што бакарот е комисиски евидентиран, означен, измерен и складиран во самата спортска сала, со вкупна тежина од 17.349 кг. Со одлука на Советот на Општината ќе биде продаден по пат на јавна лицитација според берзанските цени на бакарот, а истите прибрани средства ќе бидат реинвестирани во реализација на другите фази за реконструкција на објектот.

● Следува постапка за реконструкција на трибини, поставување на нов професионален под на теренот според современи ФИБА стандарди, спортска опрема и реквизити за спортска сала, спортска опрема и реквизити за фитнес сала, повеќенаменски семафор за следење на резултат за првенствени натпревари, нови кошеви, голови и друга спортска опрема.

● Завршено е новото мултиспорт игралиште во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци“ и ООУ „Крсте Мисирков“.

● Завршено е новото мултиспорт игралиште со тартан подлога во с. Клечовце.

● Во тек е изградба на новото мултиспорт игралиште со тартан подлога во с. Пчиња.



● Завршени се новите мултиспорт игралишта со тартан подлога во Агино село и во с. Романовце.

ОБРАЗОВАНИЕ

● Завршена е целосна реконструкција на кровот на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.

● Се врши молерисување и поставување на ново ЛЕД осветлување во училниците во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.



● Се врши замена на кров на училишната спортска сала на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ и нејзино внатрешно реновирање.

● Продолжува поставувањето на енергетско-ефикасна фасада на целиот објект на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.

● Поставени се нови врати на училниците, а претходно се заменети сите стари со нови ПВЦ прозорци во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.

● Набавени се 430 полиуретански столови, нова спортска опрема за гимнастика, како и дополнителна опрема за музичкиот кабинет во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“.

● Заменети се старите со нови енергетско-ефикасни ПВЦ прозорци во објектот на ООУ „Магдалена Антова“- нас. Карпош.

ОБРАЗОВАНИЕ

● Се реконструираат тоалети во ООУ „Битолски Конгрес“ - с. Лопате.

● Заменети се врати и прозорци во централната зграда на ООУ „Браќа Миладиновци“ и ООУ „Крсте Мисирков“.

● Партерно се уредува училишниот двор и се гради нова ограда во СОУ „Перо Наков“.

● Во тек е поставување на нов систем за греење во училишната спортска сала на СОУ „Перо Наков“.

● Се врши замена на старите врати, замена на старите со нови енергетско-ефикасни ПВЦ прозорци во СОУ „Перо Наков“, а следува поставување на нова енергетско-ефикасна фасада на целиот објект.

● Набавени се 7 смарт табли, 200 столчиња и 100 клупи, како и 97 компјутери за опремување и модернизација на кабинетите по информатика во матичниот и дисперзираниот објект на СОУ „Перо Наков“.

ОБРАЗОВАНИЕ

● Завршена е новата енергетско-ефикасна фасада на ОСТУ „Наце Буѓони“, набавена е нова компјутерска опрема, клима-уреди, канцелариски столови, 34 клупи и 100 училишни столчиња.

● Во тек е реконструкција на училишна зграда во ООУ „Карпош“- с. Умин Дол, која предвидува реконструкција на кров, подови и тоалети, нови прозорци и врати, нова енергетско-ефикасна фасада и нов систем за греење.

● ООУ „Крсте Мисирков“ доби 7 персонални компјутери како донација од СЕЕБРИГ и два типа на речници по 8 парчиња од личната библиотека на СЕЕБРИГ.

● Поставена е пристапна рампа и извршена е адаптација на тоалет за лица со попреченост во ООУ „Вук Караџиќ“.

● Во тек е реконструкција на санитарни јазли во училиштето, изградба на нова енергетско-ефикасна фасада и поставување на нова капија на училишниот двор.

● Набавени се 82 интерактивни (смарт) табли, помошно-технички помагала и опрема за спортски сали, за потребите на основните училишта во Општина Куманово.

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ИНКЛУЗИВА

● Согласно програмата за социјална заштита на Општина Куманово за 2022 година ќе продолжиме со мерките за помош на ранливите категории на граѓани преку следните активности: Субвенционирање на трошоци за комунални услуги, наменети за социјално ранливи категории граѓани; Обезбедување на помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица - корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) преку субвенционирање на трошоци за комунални услуги; Субвенционирање на трошоци за јавен градски и меѓуградски превоз на примателите на пензија до 11.000 денари; Еднократна парична помош или помош во натура, која се состои во обезбедување на облека, исхрана и други средства кои се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството, согласно проценатa извршена од страна на Комисијата за доделување на еднократна парична помош или помош во натура; Обезбедување на социјални услуги преку програмата Општинско-корисна работа со која Општина Куманово со години врши обезбедување на социјални услуги на ранливи категории на граѓани, како што се лицата со попреченост - корисници на Дневните центри за лица со интелектуална попреченост во Општина Куманово, учениците со попреченост вклучени во редовното инклузивно образование, стари лица и други; Делегирана надлежност од страна на Општина Куманово кон овластени даватели на социјални услуги утврдени од страна на Министерството за труд и социјална политика, како и здруженија, други правни и физички лица; Континуирана реализација на проектот „Инклузија на деца Роми“. Продолжување со активности на мултидисциплинарниот тим за постапување со деца на улица/улични деца во Општина Куманово.

● Пуштено е во употреба инклузивно игралиште за ученици со попреченост во ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово. Овој проект е финансиран од Европската Унија и општествено-одговорните компании: „Алфи Би компани", „Проспера" и „Термалифт" од Куманово, а го реализира Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, во рамките на проектот „Биди ин, биди инклузивен, биди инклудиран“, со партнерите Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ и Здружение за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак“, а со поддршка од Општина Куманово.

● Во ООУ „11 Октомври”- Куманово беше отворена сензорна соба преку проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ во реализација на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“-Скопје, во партнерство со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ од Куманово и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак“ –Тетово. Сензорната соба, седма по ред во државата, е донација од општествено одговорната компанија Алфи Би-Куманово.

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ИНКЛУЗИВА

● Традиционално на Детско одделение во ЈЗУ Општа болница-Куманово, во присуство на Дедо Мраз, им беа доделени новогодишни пакетчиња на децата сместени на Одделението. Градоначалникот Димитриевски ги посети и корисниците на Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Порака Наша“ и Дневниот центар за лица со попреченост – Куманово, како и Здружението за глуви и наглуви лица – Куманово, каде што беа поделени пакетчиња.

● Во просториите на Општина Куманово ги пречекавме децата без родители и родителска грижа кои се сместени во згрижувачки семејства при што заедно со Дедо Мраз им поделивме пакетчиња. Пакетчиња од Општината добија и дечињата од ромската етничка заедница.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Амбасадорот Дејвид Гир, шеф на делегацијата на Европската Унија, со посетата на Општина Куманово, го означи почетокот на општинските посети во 2022 година. Амбасадорот Гир беше придружуван од Штефен Худолин, раководител на Сектор за соработка во делегацијата на ЕУ. На средбата со Градоначалникот Димитриевски разговараа за заштита на животната средина преку преземање на соодветни мерки против аерозагадувањето, функционирање на регионалната депонија, континуирана соработка со младите, кои се иднина на секое општество. По средбата го посетија и мултифункционалниот центар - хотел „Солун“, каде ни се придружија младите европски амбасадори од Куманово, Албрие Џемаили и Дамјан Златановски.

● Во посета на Општина Куманово беше амбасадорот на Руската федерација во РСМ Сергеј Александрович Баздникин, придружуван од Владимир Хрисанфов, советник за економски и трговски прашања во амбасадата. На средбата се разговараше за продолжување на досегашната плодна соработка помеѓу двете страни, како и отворање на нови можности во повеќе општествени области.

● Градоначалникот Димитриевски се сретна со претседателката на Р Српска - Босна и Херцеговина, Жељка Цвијановиќ, амбасадорот на Босна и Херцеговина во РСМ, Драган Јаќимовиќ, почесен конзул на Р Србија во РСМ, Владимир Стајиќ. Присуствуваа и пратеници во Собранието на РСМ и членови на Советот на Општината, кои се припадници на српската етничка заедница.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Градоначалникот Димитриевски оствари средба со амбасадорката на Сојузна Република Германија, Н.Е. Анке Холштајн, на која разговараа за можно збратимување со град од Германија, а беа претставени и можностите за инвестирање во индустриската зона „Новини и Речица". Ја посетија и фабриката Дрекслмајер во Куманово, како германска инвестиција во земјата, чијашто втора фабрика започна да функционира во април 2021 година.

● Димитриевски, во својот кабинет, оствари средба со Неговото Високопросвештенство Митрополит Кумановско-осоговски Владика Григориј.

● Градоначалникот Димитриевски оствари средба и со претседателот на Здружението на лица со попреченост „SOS Vita" - Скопје, Ертан Шакир со цел размена на искуства, во насока на подобрување на секојдневниот живот на лицата со попреченост.

● Градоначалникот Димитриевски оствари средба со Ајни Куртиши, советник на Општина Орбе (кантон Вауд Вд, Швајцарија) и Хасан Куртиши, претседател на Здружение „Me ty Llopat" со седиште во Швајцарија.

● На иницијатива на Димитриевски се одржа заедничка средба на сите кандидати за градоначалници во Куманово на локалните избори 2021 со цел да дискутираат за подобрувањето на нашата Општина.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Градоначалникот на Општина Куманово, Димитриевски потпиша Меморандум за соработка со претставници на Здружението за општествен развој и демократија НВО „Пулсот на демократијата“ - Куманово, како и со Здружение за хумано домување „Хабитат Македонија“- Скопје.

● Заедно со директорите на општинските основни училишта „11 Октомври“ и „Христијан Карпош“, потпишаа Меморандум за соработка и со Детската фондација „Песталоци“ –Троген, Швајцарија, за да се воспостави и да се зајакне соработката помеѓу двете страни за спроведување на проектот „Инклузија на децата кои се надвор од училиштата во образовниот систем“.

● По повод Светскиот ден на волонтерите, 5 декември, претседателката на Советот на Општина Куманово имаше средба со претставници на здружението „Кумановски акцијаши“. Општината продолжува активно да ги поддржува здруженијата од ваков тип, со цел да се негуваат традициите на доброволното работно ангажирање.

● Секретарот на Општината се сретна со професори претставници од Бугарија, Турција и Литванија, кои заедно со СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово активно работат на проектот „Заштита на животната средина“ од програмата „Еразмус +“ и делуваат на тема „Примена на обновливи извори на енергија“.

● Општина Куманово воведе географско-информациски систем (ГИС) минатата година, со што овозможивме да биде онлајн достапна целата урбанистичка документација на територија на Општината. Преку надградба, сега имаме модули за организирање на јавна анкета и јавна презентација, кои овозможуваат целосна транспарентност во постапката на донесување на урбанистичката документација и можност за добивање известувања врз база на точки на интерес.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Се одржа јавна дебата со граѓански организации и фондации, на која беа разгледани и утврдени приоритетните области на Општината за проектот „Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD 2)“.



● На презентирањето на проектни активности од проектот „Заедно за просперитетна заедница“ присуствуваа секретарот на Општина Куманово, Александар Гелевски и претседателот на Советот на Општината, Ивана Ѓорѓиевска.

● Командата на СЕЕБРИГ одржа обука за вработените од СЕЕБРИГ и за претставници од Општина Куманово. Изведувач на обуката беше инструктор од приватната компанија за консултантски услуги „Hatec SA“ – Р Грција, на тема „Менаџмент со ризици“.

● Службеникот за млади и градоначалникот Димитриевски учествуваа на дискусија за запознаеноста на младите во Куманово со сервисите за млади, предвидени во Законот за младинско учество и младински политики, во организација на ЦИД.

● Градоначалникот Димитриевски присуствуваше на промоција на новата кампања „ЕУ со ТЕБЕ“, фокусирана на Европскиот зелен договор.

● Традиционално, Општина Куманово ги прогласи најдобриот полицаец и најдобриот пожарникар за 2021 година на кои им беа врачени пригодни подароци.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Од името на Општина Куманово, на срећната мајка на првороденото бебе во новата 2022 година и беше подарена штедна книшка со средства во висина на една просечна плата и пригодни подароци.

● Во рамките на Планот за одржлива урбана мобилност (ПОУМ), усвоен од страна на Советот во 2020 година, Општина Куманово објави повик за избор на компанија, која треба да изработи предлог-проект за пешачка зона во градот.

● ЈП „Водовод“ – Куманово, во соработка со Општината, реализираше неколку стратешки проекти за подобрување на квалитетот и квантитетот на водоснабдувањето на граѓаните во Куманово. Со проектот Пумпна станица се подобрува квалитетот на работата на целата фабрика за производство на вода, значаен за непречено функционирање на новата најсовремена баждарница за водомери, која е поставена во реконструирани постоечки простории на старата фабрика за преработка на вода. Со ова решение се обезбедува континуирано водоснабдување со потребен притисок на целата фабрика за преработка на вода, како и на новата баждарница за водомери, со што се очекува намалување на загубите на вода од 3% до 5%.



● Со набавка на хлорна постројка, во целосно реновирани простории, инсталирана е најсовремена опрема за автоматизирање на процесот на хлорирање, со што обезбедивме пософистициран, мониториран и побезбеден процес на обработка на суровата вода. Старата опрема е заменета по 40-годишна експлоатација.



● Завршена е целосна реконструкција на 17 соби во Дом за стари лица „Зафир Сајто“. Воведен е нов модерен електронски систем за внатрешна комуникација помеѓу корисниците на Домот и медицинскиот персонал, како и персоналот за нега во Домот.

СРЕДБИ, ЈАВНА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

● Општина Куманово е прва Општина во државата која има поставено сопствен систем за мерење на аерозагадувањето во градот, со 6 станици поставени на различни локации во градот. Секој граѓанин, на дневна основа, може да го следи загадувањето и состојбата со воздухот преку линк поставен на веб-страницата на Општината.

● Во изминатите 100 дена, поставени се 833 нови контејнери, од кои 400 нови контејнери во градско подрачје и приградските населби, а 433 нови контејнери се распоредени во селата: Черкези, Лопате, Љубодраг, Ново село, Умин Дол, Сопот, Воиновиќ, Костурник, Агино село, Режановце, Пчиња, Биљановце, Студена Бара.

● По повод 8 Декември, Ден на Св. Климент Охридски, претседателката и членови на Советот на Општина Куманово засадија нови садници пред комплексот на отворен и затворен градски базен – Куманово.

● Од страна на ЈП „Чистота и зеленило“ засадени се 35 листопадни садници, 96 зимзелени садници и 213 грмушки на различни локации во градот.

● Расчистени се диви депонии на повеќе од 20 локации и тоа: на улица „Васил Драгомански“, кон касарна на ул. „Железничка“, на ул. „Никшиќка“ и ул. „Титова Митровачка“, во близина на автобуска станица, на локалитет Орхидеја, на ул. „Гоце Делчев“, на ул. „Вараждинска“, во населба Карпош, на ул. „Б.Б.Гуцман“, на влез на градот покрај бензинска пумпа на Макпетрол, на Пчински пат, на ул. „Ѓорче Петров“ во нас. Перо Чичо, на ул. „620“, во с. Проевце, на ул. „Поток Серава“ (Расчистување на канал), на пат кон црква „Св. Архангел Михаил“, на ул. „Никола Тесла“, во нас. Перо Чичо, кај поранешен хотел „Кристал“ и на други локации во централно градско подрачје. При расчистување на дивите депонии, исфрлениот кабаст и друг вид отпад, расчистени и депонирани се вкупно 212 тони отпад.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Во чест на одбележувањето на 78-годишнината од загинувањето на легендарниот кумановски командант и народен херој Христијан Тодоровски Карпош, беше посетена Куќата- музеј на Карпош во Куманово.

● Во Занаетчиски дом се одржа Свечена академија, организирана од Здружението на армиски и полициски ветерани од активен и резервен состав - Куманово во чест на кумановскиот командант и народен херој Христијан Тодоровски Карпош.

● Се одржа свечена Светосавска академија, како меѓународно афирмирана манифестација, по повод одбележување на Денот на Свети Сава, национален празник на Србите во РСМ.

● Делегации предводени од градоначалникот и претседателката на Совет на Општината му оддадоа почит на Гоце Делчев, положувајќи свежо цвеќе на бистата на големиот револуционер.

● По повод празникот Богојавление – Водици, градоначалникот Димитриевски и претседателка на Совет на Општина Куманово, Ивана Ѓорѓиевска, го посетија соборниот храм „Св. Никола“.

● По повод Бадник, се одржа 23-та прослава со бадников собир и поворка, организиран од Здружението на граѓани „Коледари“- Куманово.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Здружението „Бадникови поворки“ во Куманово го одбележа празникот Бадник. На градскиот плоштад беше поставена божиќна пештера со фреска на Богородица и Исус. По пат на донации беа обезбедени основни потреби за Бадник, наменети за социјално загрозени семејства.

● Димитриевски заедно со Неговото Високопросвештенство Митрополит Кумановско-осоговски, Владика Григориј, го посетија храмот „Св. Архангел Михаил и Гаврил“, каде се во тек градежните активности.

● Во Занаетчискиот дом беше промовиран документарниот филм за кумановската ракометна легенда Чедомир Јордановски – Черчил, од авторот Марјан Стошевски.

● Делото „Слика на стакло на Занаетчиски дом во Куманово“, на авторката Наташа Кузмановска од Скопје, е избрано за сувенир на Општина Куманово за 2021 година.

● По иницијатива на претседателот на Советот на Општина Куманово, Ивана Ѓорѓиевска и Комисијата за образование, спорт и култура при Советот на Општината, заедно со младите, со наставниците по ликовно образование и учениците од општинските основни и средни училишта, се организираше акција за украсување на градскиот плоштад со рачно изработени новогодишни украси од рециклиран материјал-пластика и стиропор.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Се одржа премиерна проекција на аматерскиот филм „Приказ“ - проект на Николај Павловски и Марко Јовановски, поддржан од Општина Куманово, реализиран со екипа од 20 актери од различни етникуми и дополнителни 20 лица во продукција.

● Се одржа турнир во мал фудбал по повод Ден на градот од страна на Општински сојуз на спортови, на кој учество земаа тимови од јавни претпријатија и институции во градот.

● Се одржа специјализирана изложба на шарпланинци, на која, покрај домашни учесници, учество зедоа и шарпланинци од Србија и Чешка, во машка и женска категорија.

● Градоначалникот Димитриевски ги отвори трките „Born 2 run“ на 3 км и 10 км, организирани од ЦИД, имплементирани со техничка поддршка од Мисијата на ОБСЕ – Скопје и СВР Куманово, со поддршка на Општина Куманово.

● Се одржа Свечена академија по повод Ден на градот, 11 Ноември. На Свечената академија беше претставена видео-презентација за постигнувањата на Општината во изминатиот едногодишен период. Градоначалникот Димитриевски додели благодарници и плакети на истакнати поединци и правни лица, кои дале свој придонес за развојот на градот во различни општествени сфери.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Во предвечерието на 11 Ноември, празникот на наше Куманово, на градскиот плоштад се одржа празничен мега концерт, на кој настапија: Пајак, Таско, Барди, Ѓорѓе Давид и Ивана Петерс со „Death Saw“. Голем број граѓани, припадници на различни етнички заедници од сите генерации, заедно се забавуваа и празнуваа во духот на слогата, заедништвото и заемно почитување.

● По повод 11 Ноември имавме свечен прием на претставници од збратимените градови Бијелина и Нови Сад.

● Се одржа традиционалната ликовна изложба на кумановски ликовни уметници, во организација на НУ Музеј – Куманово.

● Се одржа традиционалната улична атлетска трка во централното градско подрачје, чии организатори се Општински сојуз на спортови, Атлетски клуб Куманово и Сојуз на училишен спорт.

● Се одржа традиционалната празнична средба со поранешни градоначалници на Општината, претставници на АРМ, МВР, ЗАПВАРС, ТППЕ и Сојуз на борци, во знак на одбележување на 77 години од ослободувањето на Куманово и 502 години успешно постоење.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Во Занаетчиски дом се одржа промоција на книгата „2222 надимка на Кумановци на кумановски“ на нашиот сограѓанин Мирко Зафировски, како трета книга, посветена на Куманово.

● Во Занаетчиски дом се одржа изложба на фотографии од Народноослободителната војна, во организација на Фондација за култура и спорт, со Историското одделение при НУ Музеј – Куманово, во чест на 11 Ноември.

● Во ресторан „Грација“ се одржа промоција на монографијата „Грација – гордоста на Куманово, кралица на угостителството“ на д-р примариус Јордан Пачков.

● Во Занаетчиски дом беше промовирана книгата „Активен живот со високи психофизички и ментални перформанси“.

● Оваа година се навршија 78 години од борбата во с. Пелинце и загинувањето на Ангел Лазаревски - Шајче и Трифун Ангеловски - Летеќи, борци на Кумановскиот одред.

● По повод 8 Декември, Ден на Св. Климент Охридски во ООУ „Браќа Рибар”- с. Табановце беше откриена спомен-плочата од основањето на училиштето, која датира од 1927 година и сведочи за првото изградено училиште.

КУЛТУРА И СПОРТ

● Во рамките на празничната програма за одбележување на Денот на градот се одржа рапид-турнир, организиран од Општински сојуз на спортови и Шаховски клуб – Куманово, со поддршка од Општина Куманово.

● Во НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“, по 19-ти пат, беше отворена меѓународната ликовна изложба „Карпино 2021“.

● Се одржа првиот турнир во бадминтон на спортскиот терен во ООУ „Вук Караџиќ“ – Куманово, организиран од општинските Сојуз на спортови и Сојуз на училишен спорт.

● Во салата на СОУ „Перо Наков“ се одржа традиционалниот турнир во футсал за пехар на градоначалникот, организиран од страна на Општински сојуз на спортови и Сојуз на училишен спорт.

● Се одржа средношколски баскет турнир 3×3, во машка и женска конкуренција на спортското игралиште на ОСТУ „Наце Буѓони“, во рамки на програмата „Ноемвриски денови 2021“.

● Се одржа јубилејната 20-та манифестација „Пивтијада 2022“, во чест на верскиот празник Богојавление – Водици, во организација на Мултимедијалниот центар „Карпино“ – Куманово.

100 ДЕНА ЗАЕДНО
ПОСВЕТЕНИ НА КУМАНОВО

15.900м²+
АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА

4.800м+
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

5.700м²+
БЕКАТОН

20+
ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1.300м²+
ТРОТОАРИ

4
ЗАВРШЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА И 1 ВО ИЗГРАДБА

130+
НОВИ ЗАСАДЕНИ САДНИЦИ

20+
РАСЧИСТЕНИ ДИВИ ДЕПОНИИ

ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО

ОПШТИНА КУМАНОВО
2022

Tigo